**ОД:** Универзитетско студентско собрание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
**Подносител:** Борјан Ефтимов,
Претседател на УСС-УКИМ
**Контакт:** b.eftimov@ukim.edu.mk / 071 – 218 -791

**ДО:** Ректорат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Сенат на Универзитет „Св. Кирил Методиј“ - Скопје

# Барање

за интервенции во правилата на Универзитетот со цел приспособување на моменталната состојба поврзана со светската пандемија

Почитувани,

Универзитетското студентско собрание бара Универзитетот и единиците да ја обзнанат ситуацијата во која се реализира образовниот процес во време на светска пандемија и да превземат повеќе чекори кои ќе ги минимизираат последиците по студентите и редовното студирање. Бараме:

1. Замрзнување на правилото за премин на студенти запишани во квота со партиципација во квота со школарина поради неисполнување на условите;
2. Зголемување на бројот на редовни сесии во кои студентите имаат право да ги полагаат наставните предмети;
3. Времена измена на правилото за условувачки критериуми како услов за запишување на предмети;
4. Овозможување на организирањето на дополнителни сесии по барање на факултетските студентски собранија за полагање на предметите запишани во академска 2019/2020;

Околностите во кои се одвива образовниот процес се сериозно изменети и отежнати. Студентите се соочуваат со многу здравствени, економски и психолошки проблеми кои им оневозможуваат целосно да се фокусираат на образовниот процес. Речиси целиот семестар факултетите, читалните и студентските домови останаа недостапни за студентите, а со самото тоа студентите објективно не можеа целосно да се посветат на учењето. Се соочуваме со криза од невидени размери и поради тоа мораме како Универзитет да покажеме зрелост и флексибилност која е во најдобар интерес на сите членови на академската заедница. Барањата на Универзитетското студентско собрание имаат за цел да им помогнат на студентите кои се најдоа во незавидна ситуација и да ги минимизираат последиците по редовниот образовен процес.

1. Барање за **замрзнување на правилото за премин од партиципација во школарина за академската година 2020/2021.**

Според Член 23 од *Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје* (во понатамошен текст: Правилникот) студентот запишан во квота со партиципација го губи статусот на студент

запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина, доколку не ги исполнува условите предвидени Член 23, односно доколку: еден предмет го запишува по 3 пат или не освоил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

Согласно член 127 став 4 од Закон за високо образование:

*„Студентот чие финансирање се врши од Буџетот на Република Северна Македонија кој* ***без оправдани причини*** *не ги исполни условите утврдени со правилата за студирање на јавен универзитет, односно на јавна самостојна висока стручна школа, ги сноси трошоците за студирање во износот на школарината."*

Поради светската пандемија сметаме дека сите студентите кои не ги исполниле условите наведени во Член 23 од Правилникот имаат оправдана причина за неисполнување на предвидените услови и поради тоа не треба да го изгубат статусот на студент во квота со партиципација. Се со цел да се избегнат административните проблеми кои би настанале доколку секој студент самостојно поднесува образложенија и барања за отстапка од правилот во Член 23 од Правилникот, како и за да се заштити еднаквоста меѓу студентите и да се избегне можноста единиците субјекитвно да одлучуваат по самите молби за отстапка од правилото, сметаме дека потребно е Универзитетото да донесе одлука со која:

**Член 23 од** ***Правилникот*** *за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје* **се суспендира и нема да се применува во академската 2020/2021**.

**2.** Барање за **зголемување на бројот на редовни сесии во кои студентите имаат право да ги полагаат наставните предмети.**

Студентите објективно и субјективно беа спречени да полагаат во јунската испитна сесија. Поради тоа сметаме дека потребна е голема флексибилност во роковите за полагање на наставните предмети, односно отварање на можност студентите со барање да го продолжат рокот за полагање на наставниот предмет за уште една редовна испитна сесија, односно со барање да можат да го продолжат рокот за полагање на наставните предмети од зимскиот семестар во академска 2019/2020 до јануарската испитна сесија во академската 2020/2021, а рокот за наставните предмети запишани во летниот семестар во академската 2019/2020 да можат да го продолжат до јунска испитна сесија во академската 2020/2021.

Ова барање и продолжување на роковите да биде дискреционо право на студентот, па така студентите кои ќе побараат рокот да им биде продолжен, тоа да им биде одобрено, а студентите кои нема да побараат продолжување на рокот, да им биде овозможено да го презапишат и повторно да ги следат предавањата за соодветниот наставен предмет.

**3.** Барање за **времена измена на правилото за условувачки критериуми како услов за запишување на предмети.**

Поради тоа што околностите за студирање, учење и полагање беа значително отежнати поради коронавирусот, сметаме дека факултетите треба да обезбедат висок степен на флексибилност во однос на полагањето и запишувањето на предметите. Поради претходното барање, според кое студентите ќе имаат право да ги полагаат наставните предмети 4 редовни испитни сесии, сметаме дека потребно е да се направи отстапка и во член 35, став 2 од Правилникот. Член 35, став 2 гласи:

*Единицата во рамки на студиската програма може да пропише условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити, положени и/или ислушани предмети и сл.) како услов за запишување на други предмети.*

Со оглед на тоа што студентите кои ќе можат да ги полагаат наставните предмети од академската 2019/20 до јануарската испитна сесија академската 2020/21, предлагаме Член 35, став 2, последната реченица да се измени и наместо „како услов **за запишување** на други предмети", да гласи „како услов **за полагање** на други предмети". Со ова студентите кои ќе го продолжат условниот наставен предмет од академска 2019/20 после рокот за запишување на семестарот, ќе можат да ја следат наставата за условениот наставен предмет, а правото на полагање на условениот наставен предмет, ќе го стекнат дури откако ќе го положат условниот наставен предмет.

Оваа измена ја бараме се со цел да се задржи редовниот тек на студиите, односно студентите да ги запишат и слушаат условените предмети во соодветните рокови.

**4.** Барање за **овозможување на организирање на дополнителна сесија по барање на факултетските студентски собранија.**

Како што наведовме претходно голем број на студенти поради објективни или субјективни причини не можеа да ги полагаат испитите во јунската испитна сесија, а постои опасност дека истите причини ќе постојат и за време на септемвриската сесија. Оттука, бараме да се времена измена на правилникот и да се предивид Член 42а со важење за академската 2020/21. Член 42а да гласи:

„Единицитата има обврска да организира најмалку една дополнителна испитна сесија без паричен надоместок во академската 2020/21 по барање на Факултетското студентско собрание на единицата.

Дополнителната испитна сесија се организира со одлука на Научно-наставниот совет на Единицата, по барање на Факултетското студентско собрание, во периодот кој е наведен во барањето.

Во дополнителната испитна сесија студентите можат да ги полагаат наставните предмети запишани во академската 2019/20.

Право на полагање во дополнителната сесија имаат сите студенти запишани на единицата во академската 2020/21."

Со оваа измена ќе има овозможиме на студентите да ги надоместат пропуштените сесии заради светската пандемија, а притоа да не го загрозат полагањето на тековните наставни предмети во јануарската испитна сесија академска 2020/21.

Се надеваме дека Универитетот ќе ја препозна потребата за флексибилност во студирањето за време на пандемија и ќе ги прифати барањата на Универзитетското студентско собрание.

Со почит,
Борјан Ефтимов,
Претседател на УСС-УКИМ.